# Закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување

**Член 1**

Во Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 142/2008, 64/2009, 156/2009, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, 20/15, 48/15, 129/2015 и 217/15), во членот 13 став (1) по точката 12) се додаваат две нови точки 13) и 14), кои гласат:
„13. Извршител за обврзник за плаќање за кој има спроведено наплата од парични средства за придонеси по основ извршување на судска пресуда;
14. Стечаен управник за обврзник за плаќање вработен кај должникот кого го застапува и претставува, за месеци пред отварање на стечајната постапка, доколку распределениот дел од стечајната маса за придонеси е помал од обврската за придонеси пресметана од должникот.“.

**Член 2**

Во членот 14 став (1) по точката 14) се додаваат две нови точки 15) и 16), кои гласат:
„15) Основицата за придонеси утврдена во судската пресуда, за обврзникот од членот 13 став (1) точка 13) од овој закон;
16) Износот од стечајната маса што е распределен за уплата на придонеси, за обврзникот од членот 13 став (1) точка 14) од овој закон.“.

**Член 3**

Во членот 18 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите од членот 13 став (1) точка 13) од овој закон е должен месечната пресметка до Управата за јавни приходи да ја достави во рок од пет дена по денот на спроведеното извршување од парични средства од обврзникот за пресметка и уплата на придонесите, по електронски пат, на начин утврден со актот од членот 17 став (2) од овој закон.

(4) Обврзникот за пресметка и уплата на придонесите од членот 13 став (1) точка 14) од овој закон е должен месечната пресметка до Управата за јавни приходи да ја достави во рок од пет дена по денот на распределбата на стечајната маса, по електронски пат, на начин утврден со актот од членот 17 став (2) од овој закон.“.

Во ставот (3) кој станува став (5) зборовите: „став (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставовите (1), (2), (3) и (4).“

**Член 4**

Во членот 23 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) Управата за јавни приходи може да врши утврдување на придонесите по службена должност и тоа:
- во случај кога обврзникот за пресметка и уплата на придонесите не поднел месечна пресметка, при што основица за пресметка на придонесите е износот на бруто плата пресметана во последната пресметка поднесена од обврзникот за пресметка и уплата на придонесите, односно просечната бруто плата доколку обврзникот за пресметка и уплата на придонесите претходно нема извршено пресметка на придонесите и
- во постапка на надворешна контрола и друга даночна постапка според утврдената фактичка состојба.

(5) Во постапка на присилна наплата, Управата за јавни приходи може да изврши службено утврдување на обврската за уплата сразмерно на наплатениот износ на придонеси во постапката на присилна наплата.“.

**Член 5**

Одредбите од членот 1 на овој закон со кој во членот 13 став (1) се додава нова точка 13), член 2 со кој во членот 14 став (1) се додава нова точка 15) и член 3 од овој закон со кој во членот 18 се додава нов став (3), ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2017 година.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.